ИНТЕРВЈУ: *МАРИЈА ПАВЛОВСКА*

# Симфонии на платно



***Дејствие: кафе-муабет со млад уметник***
***Време: пладне, сончево и пријатно***
***Повод: нејзината изложба во Музејот на современа уметност***
***Локација: бифето во МСУ***
***Настапува: Марија Павловска***
***Овој разговор, според природата на одвивањето, според сè, потсетува на пријатен кафе-муабет меѓу 2 познанички. Присуството на диктафонот единствено укажува дека станува збор за професионален и закажан муабет.***

**Марија, ти си млад уметник-сликар, кој имаше среќа, набргу по завршувањето, да оствари изложба во МСУ, како најмлад уметник досега, а која во моментот привршува.**

Изложбата беше отворена на 21 декември, во рамките на продажната галерија во МСУ. Изложував заедно со ретроспективата на Ордан Петлевски, што за мене претставува голема чест.

**Тој ден, се сеќавам, беше многу студено.**

Да. Тогаш падна првиот снег. Беше замрзнато, но имаше добра посетеност од еминентни автори, куратори, новинари. Иако ми е 4-та изложба, бев збунета како ќе реагираат и ќе ја примат луѓето. Секоја изложба си го носи своето. Сигурен си во тоа што го правиш, но значи кога ќе ти пријдат и ќе ти кажат: „Марија, си отишла напред, продолжи така“.

**Збор-два за делата што ти се изложени.**

Овде сум застапена со две ликовни креации. Едната е циклус на рачно изработена хартија, која почнав да ја работам на Факултетот додека студирав како факултативна настава во класата на Симон Шемов.



Наречен е „Прекината линија“, а застапен е со 6 дела. Вториот циклус е наречен „Комбинирана техника“ и е изработен во Крањска Гора, Словенија, на студентската ликовна колонија што се одржа таму. Доживувањето беше супер, просторот беше преубав и сето тоа се одрази врз мојата работа. Работев во ателје, кое беше обложено со стакло и имаше директен контакт со природата. Беше зима и беше бело, паѓаше снег. Боровите, белината, паѓањето на снегот, шумолењето на шумата и прошетките наоколу...

**Мене сликите ме потсетуваат на приказ на звук и негово движење.**

Таму имаше музичари, кои кога ги видоа моите работи ми рекоа дека работам симфонии, затоа што има отсечни линии и повторувања. Ми рекоа: „Ти имаш електрицитет. Колку ти се динамични сликите. Во нив се содржи некаква електрика, мир-немир. Колку што се мирни, толку се и диви.“

**Кога веќе ја започна темата - како стигна до Словенија?**

Сум била на неколку колонии - Кичевската и колонијата во Кавадарци. Но, првпат учествував на таков тип колонија како во Крањска Гора. Тоа е студентска колонија. Сите бевме млади и доживувањето беше сосема поинакво. Од Македонија учествувавме петмина од ФЛУ. На другите колонии нè има од сите возрасти и таму дружењето е убаво, но во Словенија беше сосема поинаку.

**Ти неодамна заврши со факултетот и, иако си на постдипломски студии, веќе си член на ДЛУМ. Какво е чувството кога влегуваш во светот на професионалните уметници?**

Бидејќи потекнувам од уметничка

фамилија, уште од мали нозе ги познавам луѓето од мојата област и сѐ околу нив. Сосема случајно, еден месец по дипломирањето, го сретнав Васко Урдин од уметничката галерија „Стоби“, кој ми предложи таму да имам изложба. И така, мојата прва самостојна изложба беше во јуни, 1999. За мене, тоа беше успех, зашто младите што ме знаеја од порано можеа да се запознаат со тоа што го работам и тоа која сум јас во суштина. Од таму, изложбата продолжи во Охрид, дополнета со неколку нови работи, па во Струга и тоа за мене, како почеток по дипломирањето, беше бум. Кога се вратив од Крањска Гора, дознав дека сум примена во ДЛУМ. Сега учествувам на ДЛУМ Цртеж во НУБ „Климент Охридски“, со 2 дела од циклусот од Крањска Гора „Движење наоколу“.

**Тоа е истиот циклус од изложбата во музејов.**

**Да. Меѓутоа, иако насловот е даден, бидејќи станува збор за апстракција, дозволено е другите да си имаат свои асоцијации и мислења. Понекогаш, намерно не ставам наслов, за луѓето да не го бараат во сликите. Секој човек е индивидуалец и гледа субјективно и ги прима работите поинаку. Ако за мене нешто е бело, за друг е црно.**

**Дали сѐ уште се занимаваш со изработка на хартија?**

Ја изработував во рамките на Факултетот. Сега кога сум на постдипломски, работам цртежи и масла, но не значи дека ќе продолжам. На многу луѓе им се допаѓа хартијата како нова област и ми препорачуваат да продолжам со неа. На изложбава, намерно, овие дела не беа врамени, за да може да се види материјалот и да се опипа, бидејќи станува збор за две креации. Едната е хартијата, а втората - маслените бои нанесени врз неа.

**Два збора за изборот на мотивите и начинот на кој ги прикажуваш.**



Мојата слика претставува запис. Изговорената мисла одлетува, а запишаното останува како документ, како жив сведок. Забуната настанува тогаш кога во сликата се бара илустрација на настанот, кој го сликам онака како што го доживувам. Реагирам на појавите на своето време по пат на свој израз. Секој доживеан контакт со блиските го пренесувам на свој начин и свесно се оддалечувам од секоја реална форма, за да бидам слободна во своето кажување.

Нада ПЕШЕВА

## КУЛТ - ОКО

На 2 и 6 февруари, Балетот на Македонскиот народен театар ја изведе обновената балетска претстава „Корсар“, при што поголемиот број од главните улоги ги играа помлади балетски играчи. Така, во улогата на Конрад, настапи Никола Саздов, Марија Јосифовска ја играше Медора, а Наташа Николова-Ѓулнар, жената на Пашата. Во солистичкиот дел настапија: Драган Пандилов како Барабанто, Горан Божинов во улогата на Сеид Паша, а како Гран Пасе - Марија Кичевска и Олег Мануковски. Кореограф и режисер на „Корсар“ беше познатиот кореограф од Русија, Димитриј Брјанцев.

На 3 февруари, во Домот на Армијата, Македонската филхармонија одржа концерт под водство на диригентот Хеја Домонкос и солистот на виолончело Иштван Варга, двајцата од Унгарија. На програмата беа изведени делата: „Римски карневал“ од Берлиоз, „Концертот за виолончело и оркестар“ од Лало и „Слики од изложбата“ од Мусоргски-Равел.

На 3 февруари, во Салонот 2 при Културно-информативниот центар беше отворена изложба на слики од Маке Миле Киријас. Ова е трето самостојно претставување на Киријас, со 30 нејзини најнови слики. Маке Миле Киријас е член на ДЛУМ од 1986 година и има освоено три признанија - диплома за посебен ликовен квалитет на изложбата КИЦ - аматери во 1984 година, награда за сликарство на истата изложба во 1986 година и прва награда за сликарство на изложбата „Жена, симбол и инспирација“ во КОРА, минатата година.

На 6 февруари, во фоајето на Македонскиот народен театар, по повод 15 години постоење, Младинскиот камерен оркестар на Музичката младина на Македонија одржа свечен концерт под диригентство на Вања Николовски-Гумар. Солист на пијано беше Ана Арангелова, а на флејта - Марјан Јаневски. На програмата беа застапени дела од Вивалди, Хајди, Бах и Моцарт.

Од 8 до 11 февруари, кога беше одржан Модест, на Скопскиот саем беше отворена изложба на детали од селска и градска носија. Беа презентирани поексклузивни предмети, главно, од горната облека од двете средини, сопственост на Музејот на Македонија, од збирката на народни носии на Етнолошкиот оддел. Така, посетителите, покрај најновите трендови во модата, можеа да се запознаат со делови од облека што се носела во 19. и во почетокот на 20. век. Автори на изложбата се кустосите Горданче Видимче и Сања Сарџовска - Димовска, од Етнолошкиот оддел на Музејот на Македонија.

1272, 16.2.00